**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

**Битола, јануари 2002**

Врз основа на чл 67, ст. 1, ал. 13 од Законот за високото образование и чл. 49 ст. 1 ал. 14 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитетскиот сенат, на ____та седница одржана ______ го донесе следниов

**П Р А В И Л Н И К**

за единствените правила за студирање на
Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Предмет на уредување***

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат единствени правила за студирање согласно со основите за кредит трансфер системот и преминот од една на друга високообразовна, односно научна установа на Универзитетот, регулирани во Правилникот за единствените основи за кредит - системот и преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

***Предмет на овој Правилник***

**Член 2**

Одредбите од овој Правилник ги применуваат факултетите, високите стручни школи (во понатамошниот текст високообразовните установи) и научните установи кои вршат високообразовна дејност за додипломски, последипломски и докторски студии во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

## СТУДИИ

***Видови студии***

**Член 3**

На факултет се организираат додипломски, последипломски и докторски студии, како и континуирано образование.

На висока стручна школа, како и континуирано образовани се организираат додипломски и последипломски специјалистички стручни студии.

На научна установа се организираат последипломски и докторски студии.

На Универзитетот се организираат интердисциплинарни и мултидисциплинарни последипломски и докторски студии.

***Додипломски студии***

***Остварување на додипломските студии***

**Член 4**

Додипломските студии се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми дизајнирани според кредит трансфер систем (во натамошниот текст КТС).

Студиските и предметните програми на додипломските студии се дизајнирани според принципите и стандардите на КТС, содржани во Правилникот за единствените основи за системот, преминот од една на друга студиска година и преминот од една на друга високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**Член 5**

Додипломските студии се остваруваат преку реализација на студиски програми кои имаат завршен испит и студиски програми кои немаат завршен испит и кои служат како услов за запишување на повисоко ниво на студиски програми.

Високообразовната установа одлучува за кои студиски програми ќе постои завршен испит.

**Член 6**

Обемот на студискитре програми, организацијата и времетраењето на додипломските студии ги утврдува високообразовната установа.

**Член 7**

Додипломските студии се остваруваат преку студиски програми со времетраење зависно од карактерот и специфичноста на завршениот профил или стручноста, за кои се стекнува диплома или сертификат.

Високообразовната установа донесува Одлука за кои студиски програми ќе се стекнува диплома или сертификат.

Студиските програми за кои се стекнува диплома се организираат по добиена согласност од Одборот за акредитација.

**Член 8**

Студиски програми може да се организираат за:

- студии за основниот профил (додипломски студии);
- специјалистички студии;
- магистерски студии;
- докторски студии;
- последокторски студии;
- студии за доформување на соодветен профил.

За видот и карактерот на студиите кои се организираат на факултетот, научните институти, односно високите стручни школи одлучува Наставно-

научниот совет на тој факултет, Советот на научната установа односно Наставничкиот совет на високата стручна школа.

**Член 9**

За завршен обем на студии, изразен преку соодветен број на кредити, во рамките на студиите од основниот профил (додипломски студии), студентот добива сертификат за соодветниот обем на завршени студии во однос на вкупниот обем на кредитите потребен за завршување на студиите.

**Член 10**

Студиските програми од членовите 8 и 9 од овој Правилник може да се реализираат во континуитет, по пат на стекнување кредити, од најниското до највисокото ниво на студии.

Овие студиски програми, без оглед на трансферабилноста што ја овозможуваат, треба да претставуваат самостојни целини во однос на кредитите и оптовареноста на студентот во однос на другите студиски програми.

***Орган што ги донесува студиските и предметните програми***

**Член 11**

Студиските програми за додипломски студии ги донесува Наставно-научниот совет на факултетот, односно Наставничкиот совет на високата стручна школа како анекс на Статутот.

На студиските програми од ставот 1, согласност дава Ректорската управа.

Предметните програми на додипломските студии ги донесува Наставно-научниот совет, односно Наставничкиот совет со Одлука.

***Студиски програми за нови профили на стручни кадри***

**Член 12**

Високообразовната установа може да организира додипломски студии за нови профили на стручни кадри со донесување на студиски програми за дејности за кои се основани.

За организирање на нови студиски програми согласност дава Ректорската управа на Универзитетот.

По добиената согласност од Ректорската управа на Универзитетот, Одборот за акредитација утврдува дали високообразовната установа ги исполнува условите за организирање студии за нови профили на стручни кадри и врз таа основа дава акредитација за нивно организирање.

**Член 13**

Универзитетот и Одборот за акредитација даваат согласност за организирање само на оние нови студиски програми за кои се стекнува диплома.

За организирање на додипломски студии за кои студентот стекнува диплома, одлука донесува Наставно-научниот совет на факултетот, односно Наставничкиот совет на високата стручна школа.

***Објавување на студиските и предметните програми***

**Член 14**

Студиските и предметните програми се јавни и достапни за секое заинтересирано лице.

Факултетот, високата стручна школа, односно научните установи се должни да ги објават студиските и предметните програми.

Универзитетот ги објавува сите студиски програми.

**Член 15**

Објавувањето се врши со печатење или со дигитално дизајнирање на пакети на информации кои може да бидат дистрибуирани лично, преку службите на факултетот, високата стручна школа, односно научната установа или преку интерна и екстерна информативна мрежа.

Начинот на објавувањето го определува факултетот, високата стручна школа, односно научната установа.

***Услови и начини на запишување на додипломски студии***

**Член 16**

На додипломски студии може да се запише лице кое има завршено четиригодишно средно образование и ако ги исполнува условите и критериумите утврдени со Конкурсот за запишување.

На додипломски студии може да се запише и лице кое има завршено соодветна студиска програма која е еквивалентна на завршено четиригодишно средно образование и кое ги исполнува критериумите утврдени со Конкурсот за запишување.

***Траење, почеток, завршување и обем на додипломските студии***

**Член 17**

Траењето, почетокот, завршувањето и обемот на додипломските студии се содржани во пакетот информации што го изготвува високообразовната установа.

Обемот на додипломските студи се определува во согласност со Правилникот за единствените основи за КТС, преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

***Почеток и завршување на***
***студиската година/студиски програми***

**Член 18**

Нормативно, студиската година започнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година.

Почетокот и завршувањето на студиските програми се утврдуваат со Одлука на Наставно-научниот совет на факултетот, односно Наставничкиот совет на високата стручна школа во согласност со Статутот.

**Член 19**

Студентот запишува семестри, односно предмети во секој семестар според КТС.

***Обем на додипломските студии***

**Член 20**

Обемот на додипломските студии се определува со вкупно потребното оптоварување на студентот во саати, во кое е вклучено потребното време за следење и учество во настава, времето потрошено за вонnаставни активности и времето потрошено за учење.[1)]

**Член 21**

Вкупниот обем на додипломските студии претставува збир на оптовареноста на студентот со настава, вонnаставни активности и учење од сите предметни програми во еден семестар или студиска година, изразен во часови.

**Последипломски студии**

***Организирање последипломски студии***

**Член 22**

Последипломските студии се организираат како последипломски научни студии (магистерски) и последипломски стручни студии (специјалистички), согласно со Правилникот за единствените основи за организирање последипломски и докторски студии и стекнување докторат на науки на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**Член 23**

Последипломските студии се организираат според принципите на КТС.

**Член 24**

На последипломски студии може да се запише лице кое во текот на студирањето освоило потребен број кредити и остварило активности пропишани со интерните критериуми на институцијата која ги организира овие студии.

---

[1)]Пример 1: за предметна програма од X подрачје студентската оптовареност изнесува 40/8. Тоа значи дека студентот 8 часа поминува во настава, додека 32 часа поминува во воннаставни активности и учење.

Пример 2: за предметна програма од X подрачје студентската оптовареност изнесува 40/16. Тоа значи дека студентот 16 часа поминува во настава, додека 24 часа поминува во воннаставни активности и учење.

Пример 3: за предметна програма од X подрачје студентската оптовареност изнесува 40/32. Тоа значи дека студентот 32 часа поминува во настава, додка 8 часа поминува во воннаставни активности и учење.

**Член 25**

Последипломските студии се организираат како континуирани студии со повисоко ниво на научноистражувачка сложеност и повисоко ниво на оптовареност на студентот во дадено научно подрачје.

***Премин на студентот од додипломски на последипломски студии***

**Член 26**

Преминот на студентот од додипломски на последипломски студии се организира во зависност од висината на освоените кредити, опфатеноста на задолжителните студиски програми и определеноста на студентот.

**Член 27**

Критериумите за премин од додипломски на последипломски и докторски студии ги определува високообразовната установа односно научната установа, со одлука на Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет односно Советот.

***Обем на последипломските студии***

**Член 28**

Должината на студиите се организира според оптовареноста на студентот и обемот на потребните кредити што треба да ги оствари во зависност од бројот и видот на предметните програми застапени во студиската програма.

**Член 29**

Последипломските научни студии (магистерски студии) траат најмалку три семестри, од кои два семестра, или најмалку 60 кредити, се предвидени за

совладување на предвидените предметни програми и активности на студентот, а најмалку еден семестар за изработка на магистерски труд.

**Член 30**

Последипломските стручни студии (специјалистички студии) траат два семестра, од кои еден семестар, или најмалку 30 кредити, за совладување на редовните предметни програми, а еден семестар е предвиден за изработка на специјалистички труд.

**Член 31**

Последипломските студии, покрај редовните предметни програми за кои се предвидени соодветни наставни и научноистражувачки активности, содржат завршен испит, т.е. изработка и одбрана на магистерски односно специјалистички труд.

Периодот потребен за изработка и одбрана на магистерскиот, односно специјалистичкиот труд започнува во моментот кога студентот ќе го стекне потребниот број кредити предвиден со студиската програма на последипломските студии и истиот трае најмалку еден семестар.

**Докторски студии**

***Организирање и запишување на докторски студии***

**Член 32**

Научен степен доктор на науки може да се стекне со докторски студии и одбрана на докторска дисертација или со пријавување и одбрана на докторска дисертација.

Докторските студии се организираат како континуирани студии со повисоко ниво на научноистражувачка сложеност и повисоко ниво на оптовареност на студентот во дадено научно подрачје.

**Член 33**

На докторски студии може да се запише лице кое ги задоволува критериумите за упис на докторски студии, т.е. лице кое успешно ги завршило последипломските магистерски студии.

Запишувањето на докторските студии се врши врз основа на интерните акти на Универзитетот, факултетот, односно научната установа која ги организира.

***Премин на студентот од последипломски - магистерски на докторски студии***

**Член 34**

Преминот на студентот од последипломски магистерски студии на докторски студии се овозможува со стекнување на потребен број кредити и со успешно одбранет магистерски струд.

***Услови за стекнување
научен степен доктор на науки***

**Член 35**

Научен степен доктор на науки се стекнува со успешно завршување на докторските студии, со освојување на соодветен број кредити и со одбрана на докторска дисертација.

***Траење на докторските студии***

**Член 36**

Докторските студии се дизајнирааат според принципите на КТС и траат најмалку две години или со освоени најмалку 120 кредита.

Докторските студии, покрај редовните предметни програми за кои се предвидени соодветни наставни и научноистражувачки активности за студентот, содржат завршен испит, т.е. изработка и одбрана на докторска дисертација.

**Член 37**

Докторската дисертација е самостоен научен труд кој е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес во развојот на соодветната научна област.

**Член 38**

Рокот за изработка и одбрана на докторскиот труд започнува во моментот кога студентот ќе го стекне потребниот број кредити, т.е. кога успешно ќе ја совлада студиската програма на докторските студии.

Периодот потребен за изработка и одбрана на докторска дисертација го определува Универзитетот, факултетот односно научната установа, во зависност од специфичностите и карактерот на научното подрачје.

***Студии за надградување и
продлабочување на знаењата***

**Член 39**

На високообразовните установи и научните установи се организираат и студии за надградување и продлабочување или проширување на знаењата за студентите на додипломски студии, како и за дипломираните студенти на додипломски и последипломски студии.

Студиите за надградување и продлабочување на знаењата се организираат со цел за зголемување на квалификациите, стекнување на потребната стручна оспособеност и се со времетраење кое ќе го определи високообразовната установа односно научната установа.

За стекнатото знаење за време на школувањето се издава сертификат.

***Континуирано образование***

**Член 40**

Високообразовните установи организираат различни форми на континуирано образование за стекнување нови знаења, за продлабочување и проширување на стекнатите знаења и стручноста.

Начините, условите и формите преку кои се организира и изведува континуираното образование се регулираат со Статутот на високообразовната установа.

За стекнатото знаење за време на дошколувањето се издава сертификат.

**Член 41**

Студентот, во рамките на системот на континуирано образование, може да запише само одредени пакети на предметни програми, кои се во функција на задоволување на барањата за негово образование за соодветен профил за кој факултетот е матичен.

## СТУДЕНТИ

***Права на студентот***

**Член 42**

Студентот има право на редовно студирање со статус на редовен студент и право на вонредно студирање со статус на вонреден студент.

**Член 43**

Студентот има право да ги заврши студиите според студиската програма со која ги започнал, во рокот определен со интерните акти на високообразовната установа и Правилникот за единствените основи на КТС и преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

***Статус на студентот***

**Член 44**

Студентот се стекнува со статусот студент со запишување на додипломски, последипломски и докторски студии.

Статусот студент се докажува со индекс или со студентска легитимација.

***Правила на студирањето***

**Член 45**

Студентот може да запише нови предметни програми од наредниот семестар или од наредната година, доколку оствари минимален број кредити определени со Правилникот за КТС.

**Член 46**

Факултетот, односно високата стручна школа во рамките на интерната мобилност на студентот, може да пропише задолжителни критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити), како услов за запишување на наредни предметни програми/предмети.

**Член 47**

Следењето, водењето и административната поддршка на студентот во текот на неговото студирање се регулираат со интерните акти на високообразовната установа.

**Член 48**

Студентот, уште при уписот на додипломски студии, мора да ја запише доминантната насоченост (студиска програма) што сака да ја студира.

**Член 49**

Во текот на студирањето, студентот, покрај избраната доминантна насоченост, може да избере предмети од друга студиска програма (насока), во зависност од обемот на остварените кредити и пропорциите утврдени со интерните акти.

**Член 50**

Во текот на додипломските студии може да се запише и лице кое студирало на друга високообразовна институција во земјата или во странство и кое ги исполнува критериумите предвидени со протоколот за соработка помеѓу установите кои вршат размена на студенти.

**Член 51**

Право на полагање на завршниот испит студентот стекнува со претходно освоен минимум на потребните кредити и со успешно завршени предвидени активности определени со студиската програма за додипломски студии.

**Член 52**

Правилата на студирање задолжително треба да бидат содржани во пакетот на информации кој го изготвува секоја високообразовна установа, односно висока стручна школа.

***Мирување на статусот студент***

**Член 53**

На студентот може да му мирува статусот на студент кога за тоа постојат оправдани причини.

Оправдани причини од став 1 на овај член се сметаат:

- потешка долготрајна болест која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар;
- инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата;
- родител на дете додека трае породилното отсуство;

- паралелно студирање на два факултети;
- лице кое привремено престојува во странство поради тоа што родителите му живеат или работаат во странство;
- нега на дете до три годишна возраст на детето или нега на член на потесното семејство или боледување подолго од шест месеци;
- бременост на студентка, по нејзино барање;
- отслужување на воен рок на студент, со негова согласност и
- студент кој во рамките на меѓународна културна, спортска и друга соработка престојува подолго време во странство.

**Член 54**

Доколку студентот премине на друга високообразовна установа, со цел да совлада определени предметни програми и да освои соодветен број кредити, под услови определени со билатералните договори помеѓу високообразовните установи, статусот на студент му мирува на матичната високообразовна установа.

***Паралелно студирање***

**Член 55**

Студентот може паралелно да студира на други додипломски студи со надоместување на трошоците, како вонреден студент.

Начинот и условите за паралелно студирање поблиску се утврдуваат со Статутот на високообразовна установа.

***Премин од едни на други студии***

**Член 56**

Во текот на студиите, студентот може да премине од едни на други студиски програми под услови утврдени според Правилникот за единствените основи за КТС и Статутот на високообразовната установа, односно научната установа.

**Член 57**

Студентот кој бил запишан на високообразовна установа, односно научна установа која престанала со работа има право да ги продолжи студиите на иста или на сродна високообразовна установа, односно научна установа, под услови утврдени со Статутот нависокообразовната установа, односно научната установа на која ги продолжува студиите.

**Член 58**

Студентот, при преминувањето, поднесува барање до координативното тело за КТС на високообразовната установа, односно научната установа.

Со барањето, освен документите за запишување на високообразовната установа, односно научната установа, студентот ги поднесува сите документи

издадени од високообразовната, односно научната установа, на која дотогаш студирал.

**Член 59**

Решение по барањето на студентот за премин од една на друга високообразовна установа, односно научна установа донесува деканот, односно директорот, на предлог од координативното тело за КТС на установата.

***Престанување на статусот студент***

**Член 60**

На студентот му престанува статусот студент, ако:

- дипломира;
- не ги заврши студиите во рокот утврден со Законот и овој Правилник;
- не го исполни условот според КТС и не ја запише годината, односно семестарот во роковите утврдени со овој Статут;
- се испише од високообразовната установа;
- е исключен од високообразовната установа.

Статусот на студент може да биде обновен на барање на студентот, освен ако не престанал со трајно исклучување.

Студентот од претходниот став ги продолжува студиите според истата студиска програма, доколку таа во меѓувреме не претрпела измени.

Студент кој се испишал од високообразовната установа не може повторно да се запише на истата во редовните уписни рокови.

***Права и обврски на студентот***

**Член 61**

Студентот има право да биде навремено информиран за сите релевантни прашања кои се однесуваат на неговото студирање.

Видот, обемот и карактерот на студиите, како и обврските и бенефициите на студентот во текот на неговото студирање, се регулирани со пакетот на информации кој установата е должна да го изготви и да му го достави на увид на студентот уште за време на неговиот упис на соодветната студиска програма.

**Член 62**

Во текот на студирањето студентот се консултира со назначените координатори на студиските програми, како и со назначените координатори на високообразовната установа.

**Член 63**

Во текот на студирањето студентот комуницира со универзитетскиот координатор за КТС, со Сојузот на студентите и со студентскиот правобранител во

случаите кога се нарушени неговите права т. е. кога постои проблем во комуникацијата со координаторите на високообразовната установа за КТС.

**Член 64**

Екстерната комуникација студентот ја остварува во рамките на потпишаните договори за соработка помеѓу установата - домаќин и установите во и надвор од рамките на Универзитетот (други факултети, високи стручни школи, институти, државни тела, стопански субјекти, во земјата и во странство).

***Оценување***

**Член 65**

Студентот, во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветна предметна програма го остварува преку континуирано и завршно оценување, на начин кој го определува носителот на предметната програма, одобрено од страна на Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет односно Советот.

***Предмет на оценување***

**Член 66**

Предмет на оценување во рамките на предметната програма може да биде:

- посета на предавања;
- извршени консултации;
- успешно реализирани вежби;
- успешно реализирана практична работа;
- изработка на семинарска работа;
- теренска работа;
- самостојна/домашна работа;
- учење во библиотека;
- менторство на други студенти;
- изработени или реализирани проекти;
- освоени награди/пофалници и др.;

***Начин на оценување***

**Член 67**

Оценувањето може да биде квантитативно или описно, или квантитативно и описно.

Завршното оценување се изразува квантитативно со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оцнеката 5 (пет) означува недовлен успех.

Завршната оцена за соодветна предметна програма може да биде изразена и со квалитативни мерки, како дополнение на квантитативни мерки.

Оценувањето може да биде преку писмени или преку усни испити.

Пропорцијата помеѓу обемот на континуираното и завршното оценување ја определува носителот на предметната програма.

**Член 68**

Преку континуираното оценување, студентот се оценува за секоја активност пропишана во соодветната предметна програма преку: кредитни поени, процентот на оптовареност или индексните единици.

**Член 69**

Завршното оценување за соодветна предметна програма може да биде писмено, усно или писмено и усно. Одлуката ја донесува високообразовната установа, во договор со носителот на предметната програма.

**Член 70**

Оценката добиена од континуираното оценување и оценката добиена од заршното оценување ја сочинуваат вкупната оценка (од минимална до максимална). Положен испит е услов да се стекне потребниот број кредити пропишан со предметната програма.

**Член 71**

Високообразовната установа може да воведе завршен испит за некоја студиска програма како дипломски испит, кој се организира и се изведува под услови и на начини утврден со статутот.

**Член 72**

Видот, карактерот и начинот на реализација на завршните испити за соодветни предметни програми ги определува високообразовната установа.

**Член 73**

На Технички факултет - Битола, се определуваат термините за завршно оценување по одделни предметни програми, по завршувањето на семестрите и тоа:

- февруари
- април
- јуни
- септември
- ноември.

Ноемвриската испитна сесија се утврдува како условна.

Студентот сеткнува право за запишување на повисока студиска година заклучно со **ноемвриската испитна сесија со освоени минимум 42 бода**.

Студентот ја завршува студиската година заклучно со **февруарската испитна** сесија наредната година односно со освоени **60 бода.**

Студент кој и во двата термина нема да постигне позитивен резултат, повторно ја запишува предметнмата програма (предмет).

**Член 74**

Во текот на студиската година, со одлука на  високообразовната установа, односно научната установа, може да се дадат и други термини за завршно оценување, но само за предметните програми што имаат задолжителен карактер, т.е. за оние предметни програми чие апсолвирање е услов за запишување на наредните предметни програми.

Високообразовната установа може да определи и дополнителни испитни рокови на предлог од координативното тело за КТС, доколку се оцени дека за тоа има објективна потреба.

***Стекнување сертификати / дипломи***

**Член 75**

Студентот добива диплома за остварен потребен борј кредити и за успешно положен завршен испит за соодветна студиска програма.

Како дополнување на дипломата, се издава уверение изработено според принципите на КТС (Diploma Supplement).

**Член 76**

Дизајнот и содржината на уверението треба да ги почитуваат критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

**Член 77**

Студентот може да го напушти студирањето во рамките на одредена студиска програма без неа да ја комплетира, и за тоа може да добие сертификат. Во сертификатот се бележат предметните програми, оценките и бројот на кредитите што ги остварил студентот во текот на студирањето.

**Член 78**

Сертифактот нема важност на диплома.

**Член 79**

Одлука за изгледот на дипломата, уверението и сертификатот донесува Ректорската управа на Универзитетот.

***Награди***

**Член 80**

За посебно покажани резултати во студирањето, студентот може да добива соодветни награди и признанија.

**Член 81**

Критериумите и процедурата за наградување на студентите ги изготвуваат високообразовната установа, научната установа односно Универзитетот.

*Дисциплински мерки*

**Член 82**

На студентот, поради повреда на должностите и неисполнување на обврските на додипломските студии, може да му се изрече дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена или исклучување.

Поблиски одредби за мерката, органот, начинот и постапката за утврдување на дисциплинската мерка и правото на зашитата на студентот се определуваат со статутот на факултетот, односно високата стручна школа.

**Член 83**

Доколку настане проблем во студирањето, него го решава координаторот на КТС при високообразовната установа.

Студентот има право на жалба на одлуката на ова тело. Во тој случај, предметот се предава на понатамошно решавање на Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет, односно Советот.

**Координација и административна поддршка**

*Координација*

**Член 84**

На високообразовните установи и научните установи се определуваат координатори за примена и следење на одредбите од Правилникот за единствените правила за студирање на Унвиерзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**Член 85**

Студентот има право да му се обрати на координаторот за сите прашања во врска со правилата за студирање на Унвиерзитетот, како што се:

- видот на студиите кои постојат на секоја високообразовна установа;
- остварувањето на додипломските студии;
- видот на студиските програми за нови профили на стручни кадри;
- објавувањето на студиските и предметните програми;
- условите и начинот на запишување на додипломски студии;
- траењето, почетокот, завршувањето и обемот на додипломските студии;
- организирањето последипломски студии;
- преминот на студентот од додипломски на последипломски студии;
- обемот на последипломските студии;
- организирањето и запишувањето на докторски студии;
- условите и можностите за премин на студентот од последипломски-магистерски на докторски студии;
- условите за стекнување научен степен доктор на науки;

- траење на докторските студии;
- видовите студии за надградување и продлабочување на знаењата;
- можностите за континуирано образование;
- правилата на студирањето;
- условите за мирување на статусот студент;
- условите за паралелно студирање;
- преминот од едни на други студии;
- преминот на други високообразовни установи според принципите на КТС;
- можностите за остварување и продолжување на студиите на други институции со кои високообразовната установа има спогодби на КТС;
- престанувањето на статусот студент;
- правата и обврските на студентот;
- начините за оценување;
- бројот и времето на организирањето на испитните сесии;
- условите за стекнување сертификати и дипломи;
- можностите за наградување на успешни студенти;
- дисциплинските мерки и сл.

***Интерна евиденција***

**Член 86**

Во текот на студирањето, за секој студент се води досие во кое се регулираат:

- општите податоци за студентот
- избраната студиска програма
- бројот и видот на апсолвираните предметни програми
- бројот на освоените кредити
- добиените оцени за предметните програми
- времетраењето на студирањето

***Екстерна евиденција***

**Член 87**

Мобилноста на студентот помеѓу две установи се регулира со посебна документација:

- договор за студирање
- студентска пријава
- податоци за установата од која доаѓа студентот
- податоци за установата во која се префрла (го прифаќа)
- Документ за постигнувањата на студентот
- Трилатерален договор (студент +2 установи )

## ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ

**НА НОСИТЕЛОТ НА ПРОГРАМАТА**

**Член 88**

Високообразовната установа, односно научната установа е должна да прифати стандардизирана и меѓународно прифатена методологија за презентација на студиските и предметните програми.

**Член 89**

Предметните програми треба да бидат подготвени според структурата предвидена со пакетот на информации.

**Член 90**

Реализацијата на предметните програми се надгледува од страна на надлежните служби на високообразовната установа, односно научната установа.

По раеализацијата, носителот на предметната програма доставува извештај до координативното тело на КТС на високообразовната установа односно научната установа.

**Член 91**

Носителот на предметната програма е должен да води евиденција за текот на реалиацијата на програмата, реализираните активности од страна на студентот и постигнатиот успех.

**Член 92**

Евалуацијата на студиските и предметните програми се врши по интерен и по екстерен пат.

Евалуацијата на успешноста на предметната програма и нејзиниот носител се остварува во согласност со критериумите предвидени во Правилникот за квалитетот во високото обрасование.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

**Член 93**

Високообразовните и акредитираните научни установи ќе ги усогласат интерните акти со одредбите од овој Правилник по стапувањето во сила на Правилникот за единствените основи за КТС и преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

До примената на одредбите од овој Правилник ќе се применуваат постојните општи акти.

**Член 94**

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот, а ќе се применува по усогласувањето што високообразовните и научните институти ќе го направат според член 93 од овој Правилник и ќе почне да

се применува по одлуката на секоја високообразовна установа, односно научна установа, но најдоцна од учебната 2004/2005 година.

| **Ректор** | **Претседател на Универзитетскиот сенат** |
|---|---|
| Проф. д-р Божидар Маслинков | Академик Глигор Каневче |